Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-55/3 од 26.4.2011 година донесена на осмата седница, одржана на 26.4.2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност избра Рецензентска комисија во состав проф. д-р Димитрије Бужаровски (претседател), вонр. проф. д-р Аида Ислам (член) и вонр. проф. д-р Милица Шкариќ (член), за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-научната област музикологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 14.4.2011 год, и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатката д-р Стефанија Лешкова- Зеленковска.

Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Стефанија Лешкова** е родена на 25 февруари 1964 година во Скопје. Паралелно со основното образование таа седум години посетува и основно музичко училиште, каде го изучува инструментот пијано. Средното образование го завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито” во Скопје. Во 1982 година се запишува на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Одделот по музикологија, во класата на проф. д-р Тома Прошев. Веднаш по дипломирањето, во 1987 година се запишува на постдипломски студии по музикологија на Факултетот за музичка уметност во Скопје кај проф. д-р Тома Прошев и проф. д-р Сотир Голабовски. Сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии ги завршува во 1989 година. Во рамките на магистерските студии по музикологија работи на истражувањето за музичкиот инструментариум на фреско-сликарството на црквите од средновековна Македонија во околината на Скопје и го објавува трудот за музичкиот инструментариум во црквата „Св.Ѓорги“ во Старо Нагоричане во Билтенот на Третата програма на Радио Скопје и во црковниот весник на МПЦ. Во периодот 1989-1991 година учествува во истражувачкиот проект насловен „Инциденција и преваленција на музичките жанри кај средношколската младина во Р.Македонија” под водство на проф. д-р Димитрије Бужаровски.

Во 1996 година кандидатката се запишува на постдипломски студии на програмата Менаџмент во културата и уметноста, што ја води проф. д-р Димитрије Бужаровски со професори и познати светски стручњаци од Универзитетот „Темпи“ во Аризона (САД) на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Овие студии под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски ги завршува со успех во 2002 година со трудот „Економските фактори во продукцијата на македонското современо музичко творештво 1991-2001”.

Во 2003 година на Факултетот за музичка уметност во Скопје е прифатена нејзината експликација за изработка на докторска дисертација на тема „Културните, социјалните и економските детерминанти на јавните музички изведби во Град Скопје во 2004 година”, која ја одбранува на 28 мај 2006 година под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски.

Од 1987 до 2003 година Стефанија Лешкова работи како музички новинар и рецензент во Музичката програма на Македонското радио - Радио Скопје. На програмата на Радио Скопје таа има реализирано огромен број музички критики, рецензии, авторски и водителски емисии, потоа бројни интервјуа со музички уметници и дејци, како и преноси од значајни музички концерти и манифестации.

Од академската 2007/2008 година д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска во периодот од 2002 до 2007 година е поврзана со Институтот за истражување и архивирање музика - ИРАМ, што го води проф. д-р Димитрије Бужаровски. Во овој период кандидатката активно учествува на 16 меѓународни конференции во Скопје, Струга, Лондон и Цирих во организација на ИРАМ. Нејзините трудови презентирани на овие конференции се објавени на веб-страницата на ИРАМ: http://mmc.edu.mk/.

Кандидатката досега има изработено повеќе трудови од областа на музикологијата, меѓу кои: „Музиката за пијано на Оливје Месијен", „Психологијата на музиката според Лав Виготски", „Оперските ликови на Георги Божиков", „Новите дела на македонските композитори создадени во периодот од 1991 до 2001 година", „Економските фактори во продукцијата на македонското современо творештво", „Тројца македонски диригенти од класата на проф. Фимчо Муратовски", „Сотир Голабовски - музиколог, византолог и композитор", „Пијано придружба во Р. Македонија во периодот од 1970 до 2000 година - скица на пет портрети" итн.

***Објавени научни трудови***

Кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска од минатиот избор во наставно-научно звање ги има објавено следниве трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми:

1. S.Leskova-Zelenkovska. Youth in the changing society – sociocultural influence upon cultural life in Skopje (2010) (во печат) /труд во зборник од научен конгрес, издавач: Аристотелус универзитет – Солун;
2. А.Ислам, С.Лешкова, 2010: Состојбата во музичката традиција на дервишкиот ред Садии од теќето Вефа баба во Скопје. МАНУ. 14. октомври. Скопје/МАНУ;
3. С.Лешкова, А.Ислам.: Традиционалната музичка практика во Република Македонија во услови на доминација на глобалната музичка практика во XXI век. (2010) (во печат) /труд објавен во зборник од научен собир, издавач: Етнолошко друштво на Р.Македонија/;
4. А.Ислам, С.Лешкова: Младинските оркестри – стимулативни средини за креативен развој и мултикултурен соживот во Скопје. (Youth Orchestras-Stimulating Environments for the Creative Development and Multicultural Co-existence in Skopje) (2010) / труд објавен во зборник од научен собир, издавач Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје/;
5. А.Ислам, С.Лешкова: Улогата на музичката едукација во функција на спроведување на предметот Музичко образование во одделенската настава (2010); (во печат) /труд објавен во зборник трудови од научно-стручен собир, издавач: ФМУ/ УГД/;
6. S.Leskova, A.Islam: Attitude of the future teaching staff towards the subject music education in the elementary education. Vol 1.(2009) (32- 35). /труд објавен во зборник на научни трудови со оригинални научни резултати, издавач: Edirne: Trakya University, Faculty of education, Edirne-Turkey/.
7. С.Лешкова, А.Ислам. Значењето на предметот Музичко образование во основните училишта со започнувањето на деветолетката. Скопје: Просветно дело, 2009.
8. А.Ислам, С.Лешкова. Мултикултурализмот и неговата апликација во музичкататрадиција (2008). Contemporary Intentions in Education.Vol.1(319-329) /труд објавен во зборник на научни трудови со оригинални научни резултати, издавач: Скопје УКИМ/Педагошки факултет/.
9. S. Leshkova-Zelenkovska. Review of the Festival Days of Macedonian Music 2007. Muzika, special edition Year 8, Issue No.11 (102-115), Skopje. SOKOM (2007)/ труд со оригинални резултати/.

10. S.Leshkova-Zelenkovska. The cultural, the social and the economic determinants of the public music performances in the city of Skopje in 2004 Macedonian Music No.5, Special edition, 2007 (47-58). /труд со оригинални научни резултати/ Skopje: Association of the Composers of Macedonia.

***Учество на конференции со свој реферат/ труд***

Кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска со свои трудови има учествувано на следните конференции:

1. Интернационална конференција на тема: Култура и музика во организација на ИРАМ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – ИСППИ, 21-22 јануари 2011 (труд на тема „Културниот идентитет и рефлексиите врз мистичната музичка традиција во Р.Македонија“);
2. Трета интернационална конференција - III International Conference Children and Youth in Changing Societies – Thessaloniki, 3-4 december, 2010. (труд на тема: Youth in the changing society – sociocultural influence upon musical life in Skopje);
3. Четврти меѓународен конгрес на тема „Исламската цивилизација на Балканот“ во организација на МАНУ - Скопје, 13-16 октомври 2010. (труд на тема „Состојба на музичката традиција кај дервишкиот ред Садии во Скопје во XXI век“).
4. Научен симпозиум организиран од Македонското етнолошко друштво на тема „Популаризација на етнолошкото културно наследство“, Штип, 20 септември 2010 (труд на тема „Изработувачи на народните инструменти во Р.Македонија“);
5. Петти меѓународен научен собир на тема „Образование за хумано општество“, 28 до 30 мај, Охрид, 2010. (труд на тема Youth Orchestras-Stimulating Environments for the Creative Development and Multicultural Co-existence in Skopje) Info - 5th international scientific conference, Ohrid 2010;
6. Научно-стручен собир на тема „Улогата на музиката во образовниот процес“, во организација на Факултетот за музичка уметност при УГД - Штип, 9 февруари 2010 (труд на тема „Улогата на музичката едукација во функција на наставата“);
7. XVI ИРАМ Конференција на тема „Современите трендови во музикологијата и етномузикологијата - 5th Skopje Conference: Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology. (труд на тема Перспективите на музичката традиција во експанзија на новите музички тенденции). 2010. Скопје: ФМУ/ ИРАМ.
8. The 5th International Balkan Education and Science Congress (труд на тема: Attitude of the future teaching staff towards the subject music education in the elementary education) 2009. Edirne: Trakya University, Turkey.
9. The 5th International Balkan Education and Science Congress. (секциско предавање на тема „Дигитализација на културното наследство“) 2009. Edirne: Trakya University,Turkey.
10. The 4$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress for Contemporary Intentions in Education (труд на тема „Multiculturalism and application in the music tradition“), 2008. Skopje: Pedagogical faculty/UKIM.
11. XV IRAM Conference: Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology – 60 Years copyright in Macedonia (труд на тема „Аспекти на авторските права во уметничката музика“) 2007. Скопје: ФМУ/ИРАМ.

Во научноистражувачката дејност на д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска спаѓа и одобрениот проект од национален интерес од Министерство за култура за 2011 година на тема „Традиционалната инструментална музика во Р.Македонија и изработката на музичките инструменти“ бр.11-4037/1, 2011.

***Наставно-образовна дејност***

кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска своите почетоци во наставно-образовната дејност ги има во текот на 1996/1997 и 1997/1998 година како демонстратор по предметот Музички форми на ФМУ - Скопје.

Во периодот од 2002 до 2007 година, таа е соработник на Институтот за истражување и архивирање музика - ИРАМ што го води проф. д-р Димитрије Бужаровски.

Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е избрана во звањето доцент по музикологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 866 од 4 јуни 2007 год. од Рецензентската комисија формирана од страна на Матичната комисија при основање на Факултетот за музичка уметност во Штип. Од основањето на Факултетот учествува во:

– прв циклус студии / задолжителни предмети: Историја на музиката 1, 2, 3 и 4 (2+2); Историја на македонската музика (2+1) и Познавање на музички инструменти (1+1);
– втор циклус студии / задолжителни предмети на ФМУ - Штип: Естетика на музиката (2+2) и Историја на македонската музика (2+2).

Покрај ова, кандидатката се јавува и како ментор на вториот циклус студии по музикологија на Факултет за музичка уметност во Скопје. Во академската 2009/2010 и академската 2010/2011 година таа е ментор на двајца студенти со 30 часа + 15 часа вежби.

***Наставни активности***

Под менторство на доц. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска досега има магистрирано еден кандидат (на 1 април 2011 година) на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Таа е автор на скрипти по предметот Историја на музиката 1 и 2, рецензирани и објавени во „Универзитетскиот билтен“ бр.37/2010 и бр.52/2010.

Кандидатката има одржано предавање на Катедрата по музикологија на Факултетот за музичка уметност во Приштина (Косово) на тема „Културните, социјалните, економските детерминанти во оформување на музичкиот живот“.

Кандидатката е организатор на Научно-стручниот собир „Улогата на музиката во образовниот процес“ (2010) ФМУ/УГД – Штип. Таа е уредник на Зборникот на трудови од овој Собир (2010).

Членство во комисии за одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации

Кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска досега била член во Комисии за одбрана на два магистерски труда, од кои во едниот се јавува и како ментор:

– кандидат Весна Маљановска, одбрана на магистерски труд, ФМУ/УКИМ, ноември 2008 год. и
– кандидат Реза Криезиу, одбрана на магистерски труд, ФМУ/УКИМ, април 2011 год. (ментор доц. д-р С. Лешкова).

Исто така, д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е член и на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Милена Ѓурковиќ-Пантелиќ на ФМУ/УКИМ во мај 2011 година.

***Стручно-апликативна дејност***

Членство во рецензентски комисии

Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е рецензент на следниве учебници и скрипти:

– рецензент на учебникот „Пијано, детски и други музички инструменти“ на проф. д-р Милица Шкариќ (рецензија во Универзитетски билтен бр.19, 2009);
– претседател на Рецензентска комисија при МОН за рецензирање на учебници за основно образование по предметот Музичко образование за IV и VII одделение, 2009 год. рецензирани седум учебници (4x IV одд.); (3x VII одд.);
– член на Рецензентска комисија за рецензирање на скрипти на доц. д-р Илчо Јованов, доц. м-р В. Велковска-Трајановска и доц. м-р Г. Гавриловски (рецензии во Универзитетски билтен бр.51/2010).

***Таа се јавува и како рецензент на следниве книги:***

– рецензент на книгата „Културната улога на Турската програма на Радио Скопје“ – автор вонр.проф. д-р Аида Ислам;
– рецензент на книгата „Моделирање на педагошката работа на балетските репетитори“ – автор вонр. проф. м-р Тања Вујисиќ-Тодоровска (во печат).

Покрај ова, таа е рецензент за избор на наставници: 2 х соло пеење, оркестрација и музички форми, објавени во „Универзитетски билтен“ бр.4 2007, бр.16/2009.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска е член на универзитетски и факултетски тела:

- член на Универзитетскиот сенат;
- член на Универзитетската комисија за издавачка дејност;
- член на факултетски комисии за: постдипломски, признавање на испити, проверка на знаења, дошколување, попис.

Таа се јавува и како член на следните научни собири во својство на водач на сесија и како член на организационен одбор:

- член на научен собир на XIII, XIV, XV конференција на ИРАМ/УКИМ
- член на организационен одбор на научно-стручен собир на ФМУ/УГД.

***Учество во РТВ емисии***

Кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска учествува во следниве радио и телевизиски емисии:

- Универзитетско радио „УГД ФМ“ по повод Научно-стручниот собир во организација на Факултетот за музичка уметност во Штип;
- Радио Скопје - образовна емисија за учество на научната конференција „Музичкото образование во предметната настава“, февруари 2010;
- Телевизија А1 – За значењето на предметот Музичко образование во училиштата, февруари 2010;
- Радио Скопје – Претставување на трудот на тема „Младинските оркестри- места за културен соживот“, мај 2010;
- Радио Скопје – Програма на турски јазик за промоцијата на книгата на д-р Аида Ислам;
- Радио Скопје – Претставување на трудот на тема „Мултикултурализмот и неговата апликација во музичката традиција“, мај 2008;
- Радио Скопје – „Музичка витрина“ – Рецензентско мислење за фестивалот „Денови на македонска музика“, април 2008;
- Радио Скопје – „Музичка витрина“ – Учество по повод истражувањето за социјалните, културните и економските фактори во обликување на музичкиот живот во Скопје, јуни 2007.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење, може да се заклучи дека се работи за истакнат и сериозен наставно-научен кадар.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска во целост ги исполнува критериумите за избор во наставничко звање. Таа покажува способност во научноистражувачка (НИ), стручно-апликативна (СУ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа го задоволува потребниот квантум (75 поени) за да биде избрана во наставничко звање (193.5 поени).

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска да биде избрана во насловно звање вонреден професор во наставно-научната област музикологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Димитрије Бужаровски, професор, с.р.**
**Д-р Аида Ислам, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Милица Шкариќ, вонреден професор, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | **Наставно-образовна дејност (НО)**= 117,5 | | | |
| 3 | Позитивно рецензирана скрипта од предавања | 2 | 8 | 16 |
| 4 | Интерна скрпита од предавања | 2 | 4 | 8 |
| 8 | Рецензент на учебник, скрпита | 11 | 1 | 11 |
| 8 | Рецензент на книга | 2 | 1 | 2 |
| 10 | Учество во образовна РТВ програма | 8 | 0,5 | 4 |
| 12 | Ментор на одбранета магистерска работа | 1 | 3 | 3 |
| 15 | Член на комисија за одбрана на докторска дисертација | 1 | 2 | 2 |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерска работа | 2 | 1 | 2 |
| 25 | Предавања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип | 2007/2008 (4x 1,5 ) + 2,2008/2009 (8 x 1,5 ) + 4;2009/2010(8 x 1,5) + 5;2010/2011(9 x1,5)+6; | | 57,5 |
| 26 | Вежби на Универзитетот „Гоце Делчев” -Штип | 2007/2008(2x 0,2 2008/2009 (4 x0,2) 2009/2010(5x 0,2) 2010/2011(6x 0,2) | 0,2 | 3,5 |
| 27 | Одржани предавања на постдипломски студии на Факултетот за музичка уменост при УКИМ - Скопје | 30 ч. | 2 | 2 |
| 27 | Одржани предавања на постдипломски студии на Факултетот за музичка уменост УГД - Штип | 30 ч, | 2 | 2 |
| 28 | Одржани вежби на постдипломски студии на Факултетот за музичка уметност при УКИМ-Скопје | 12 в. | 1,5 | 1,5 |
| 30 | Рецензент на соработници и наставници | 3 | 1 | 3 |
| | **Научноистражувачка и стручно- уметничка активност (НИ – СУ)= 40** | | | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир | 8 во коавторство, 2 индивидуални | 6x1,2x1,5 во з.; 2x 2 во с. | 11 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати објавено во научно списание | 3 | 1 | 3 |
| 6 | Одржано предавање по покана на ФМУ-Приштина на Катедра по музикологија | 1 | 3 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Секциско предавање на научен собир – Едрене, Р.Турција | 1 | 4 | 4 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат | во земава 8, во странство 2 | 8х 1,5 во з.. 2х2 с. | 16 |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 1 | 3 |
| | **Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност (СА-ОР) = 36** | | | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 во коавторство | 1 | 1 |
| 8 | Учество на стручен собир | 1 | 1 | 1 |
| 11 | Програмски одбор на стручен собир | 1 | 2 | 2 |
| 27 | Член на Универзитетски сенат и Универзитетска комисија за издавачка дејност | 2 | 5 | 10 |
| 27 | Член на Управен одбор на Македонска опера и балет | 5 | 1 | 5 |
| 27 | Член на комисија при Министерство за култура за избор на град на културата за 2011 г. | 5 | 1 | 5 |
| 28 | Член на Факултетска комисија за попис, Факултетска комисисија за проверка на знаења, Факултетска комисија за дошколување, Факултетска комисија за признавање на предмети ЕКТС, Факултетска комисија за постдипломски студии, член на Наставно-научен совет | 6 | 2 | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | **193,5** |